Врз основа на член 22 став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр.10/97, 54/97 и 12/2001), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 09.05.2001 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на почетната цена за плаќање на лиценците чиј број е ограничен за приредување на игри на среќа

("Сл.весник на РМ" број 40/2001)

Член 1

Со оваа одлука се утврдува почетната цена за плаќање на лиценците чиј број е ограничен за приредување на игри на среќа.

Член 2

Почетната цена на лиценците по одделни игри на среќа изнесува:

1. За приредување на играта на среќа "Лотарија" 250.000 евра, денарска противвредност;
2. За приредување на играта на среќа "Лото" 1.050.000 евра, денарска противвредност ;
3. За приредување на играта на среќа "Спортска прогноза" 385.000 евра, денарска противвредност;
4. За приредување на играта на среќа "Инстант лотарија" 550.000 евра, денарска противвредност;
5. За играта на среќа "ТВ Томбола" што се приредува преку телевизиски медиуми 1.570.000 евра, денарска противвредност.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-2781/1
9 мај 2001 година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Македонија
Љубчо Георгиевски, с.р